МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

# Здравството во изборните програми

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас Цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Марија Теговска, ИДСЦС
Ивана Петкуќеска, ИДСЦС

**Подготовка**
Марко Трошановски, ИДСЦС

---

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

---

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| СДУ | Социјал демократска унија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ПОДЕМ | Партија за демократско обединување на Македонија |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјал демократски сојуз на Македонија |
| НДУ | Национална демократска унија |
| ДД | Демократска десница |

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој документ е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на конкретни предлози и решенија за здравството. Општи и декларативни заложби не се земени во предвид.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

# Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

## Како и колку се спомнува здравството

Големата важност на здравствениот систем се гледа преку фактот што сите политички партии кои доставиле предизборна програма, со исклучок на ДПА, ја опфаќаат сферата на здравството во своите програми. Здравството се спомнува во 11 од 12 од анализираните програми. Најголемо внимание на оваа сфера посветува ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Од другите партии, притоа имајќи ја во предвид големината на самата политичка партија и обемноста на програмата која ја нудат, значително внимание посветуваат и ПОДЕМ и ЛДП. Програмите на албанските политички партии (ДУИ, Демокрациа е ре и НДП), иако содржат посебно поглавје, сепак прашањето во однос на здравството е многу генерално обработено и не содржи конкретни мерки и предлози.

Сите политички партии кои во својата програма го спомнуваат здравството имаат посветено посебен дел на различни нивоа од програмите.

Иако поголемиот дел го опфаќаат здравството во програмата, конкретни мерки се спомнуваат само кај половина од нив, односно 6 од 12. Останатите ги имаат презентирано нивните ставови и општи предлози за развојот на здравството, како и афирмација на неговото значење. Предлозите и мерките главно се однесуваат на надградба на правната рамка, финансиска поддршка и јакнење на институционалните капацитети.

**Табела 2: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки за здравство**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| Демокрациа е ре | Здравје | Не |
| ПОДЕМ | Реформи во здравството - пружање на квалитетни здравствени услуги на сите нивоа . | Да |
| СДУ | Развој-Задоволни лекари, задоволни пациенти | Да |
| ВМРО-ДПМНЕ | Здравје во секој дом, здравје за секој граѓанин | Да |
| ДУИ | Здрав граѓанин- здраво општество | Не |
| СДСМ | Образовани и здрави граѓани-Здравје за сите | Да |
| ЛДП | Економска модернизација на земјата- здравство либерално и функционално | Да |
| НДУ | Образование, култура, наука и здравство | Не |
| НДП | Здравствена и социјална заштита | Не |
| ОМ | Здравство | Да |
| ДПА | / | Не |
| ДД | Социјална политика и здравствена заштита - секој има право на квалитетно лекување | Не |

## Понуда и предлози за здравството

Политичките партии имаат согласност околу важноста на здравствениот систем како еден од основните предуслови за здрав и квалитетен живот. Предлозите и мерките кои се дел од програмие на политичките партии се во правец на зголемувањето како на правата на пациентите, така и на правата на здравствените работници.

### Подобрување на правната рамка

И покрај големата важност на здравствениот систем, само мал дел од политичките партии (3 од 12) во своите програми имаат предлози за подобрување или надградба на правната рамка. За разлика од другите сфери, предлозите на политичките партии кои би служеле за подобрување на правната рамка на здравството се многу помалубројни. Генерално се реферира на стандардизирање со европските регулативи, донесување, дополнување и измена на законот кој регулира прашања од оваа сфера.

**Табела 3: Предлози во изборните програми за подобрување/надградба на правната рамка**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | -Лиценцирање и акредитирње на сите медицински лаборатории преку стандардизација на референтните лабораториски вредности во согласност со европските регулативи. |
| ЛДП | -Законот за правата на пациентите да овозможи подобра и поефикасна комуникација помеѓу пациентите и лекарите. е |
| ВМРО-ДПМНЕ | -Ќе ја измениме Одредбата за висина на партиципацијата при лекување во странство(стр.236) |

### Јакнење на институционалните капацитети за унапредување на здравството

Од вкупно 12 анализирани програми, 6 политички партии нудат конкретни институционални подобрувања со цел истакнување на важноста на здравјето и на здравствениот систем во Република Македонија.

Има разлики во понудените мерки, сепак прашањето во однос на кое постои генерална согласност и е повторено од најголем дел од партиите е реконструкција и изградба на здравствени објекти, како и воведуване на информатички систем (СДУ,ОМ и ВМРО-ДПМНЕ). Истовремено, сите политички субјекти предлагаат реформи на веќе постоечките здравствени институции, како и основање нови институции, односно центри кои би го унапредувале здравствениот систем во целина. Големите политички партии во своите програми посветуваат најголемо внимание на ова прашање, потоа следи ПОДЕМ.

**Табела 4: Предлози /предвидени активности во изборните програми за унапредување на здравствениот систем**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДУ | -Изработка на здравствена карта на Република Македонија.<br>- Децентрализација на здравството.<br>- Реорганизација на Итната медицинска помош.<br>-Воведување на информатички систем - листите на чекање треба да бидат транспарентни и потполно достапни на јавноста.(стр.31) |

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | -Реформи во здравството - пружање на квалитетни здравствени услуги на сите нивоа<br>-Ќе основаме Кардиолошка мрежа за третман на акутен срцев инфаркт.<br>-Ќе формираме Центар за телефонско закажување на приеми и прегледи на граѓаните.<br>- Ќе формираме современ Национален центар за ургентна медицина, за згрижување на сите граѓани што се наоѓаат во непосредна животна опасност и каде што ќе добијат квалитетна и навремена здравствена услуга.<br>-Во рамките на програмите на Медицинскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, ќе основаме нова едукативна програма за специјализација по ургентна медицина, со што ќе се создаде квалитетен кадар за итна медицинска грижа согласно со европските трендови<br>-Ќе го финализираме проектот на целосна компјутеризација на здравствениот систем, и воведувањето на електронско медицинско досие за секој граѓанин.<br>-Ќе воведеме е-Регистри на пациенти со специфични заболувања<br>- Ќе воспоставиме систем на подвижни аптеки. |
| ОМ | -Воведување на електронска здравствена картичка<br>-Изградба на нови Клинички центри во Охрид и Струмица.<br>- Реинтегрирање на клиниките во Универзитетски клинички центар Скопје<br>-Градење на хелиодроми во сите поголеми градови и набавка на санинетски хеликоптер. -Формирање на центар за трансплантација и развој на кадаверишна трансплантација |
| ПОДЕМ | - Покривање на поголем број на оперативни зафати од страна на ФЗО<br>-Редистрибуција на здравствените капацитети со цел да се избегне преоптовареност на едните и неискористеност на другите капацитети<br>-Изградба на нови клинички центри по сите највисоки стандарди со цел намалување на трошоците на граѓаните<br>-Конкуренција во здравственото осигурување преку паралелни фондови за основно и дополнително здравствено осигурување<br>-Формирање на втор столб на здравствено осигурување (реформа на системот на здравствено осигурување)<br>-Купување на услуги на ФЗО од приватните здравствени установи со цел рационално искористување на ресурсите (материјални и човечки); |
| СДСМ | -Агенцијата за лекови ќе има контрола врз сите фази на регистрација, производство, увоз, дистрибуција и промет на лековите и медицинските помагала. (стр. 94)<br>- Во следните четири години ќе отпочнеме со изградба на нов клинички центар во Скопје. Ќе го обновиме концептот на единствен клиничкиот центар, во кој клиниките ќе бидат функционално поврзани. Ќе изградиме нов современ дијагностичкоургентен центар во Битола, опремен со апаратура за највисоки достигнувања во здравството<br>- Ќе изградиме прва државна кардиохирургија во Македонија<br>-Ќе формираме единствен центар за трансплантација на органи и ткива, кој ќе гарантира квалитет и безбедност на постапките. Во центарот ќе се организира единствен регистар за дарување органи и ткива што ќе се поврзе со сродни центри во странство.<br>-Ќе формираме центар за дијализа во Скопје, со вкупен капацитет од 250 до 300 пациенти. |
| НДП | -НДП ќе се ангажира за изградба на нови здраствени објекти и реновирање на амбулантите и постоечките болници земајќи ги во предвид приоритетите според бројот на население и реалните потреби во населените места. |

## Финансиска поддршка за развој на здравствениот систем

Предлози и заложби за финансиска поддршка за унапредување на здравствениот систем, се најмногубројни во програмите на политичките партии. Финансиската поддршка е дел од програмата на 7 од партиите чии предизборни програми беа анализирани. Слично како и за претходните подрачја дел од партиите презентираат општи заложби, а дел конкретни мерки. Најголем дел од мерките се во областа на бесплатни здравствени услуги, зголемување на буџетот на ФЗОМ, зголемувње на достапноста на здравствените услуги, итн. Најголем дел од конкретните мерки се дел од програмите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ЛДП и ПОДЕМ.

**Табела 5: Предлози во изборните програми за подобрување на финансирањето**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | -Бесплатни здравствени услуги за лицата со ниски лични примања, социјални случаи и други загрозени категории.<br>-Селективно наградување на здравствените работници.<br>-Намалување на цените на лековите<br>-Дефинирање на основни пакети од примарна и секундарна здравствена заштита покриени од ФЗО како баратeл на здравствени услуги<br>-Покривање на поголем број на оперативни зафати од страна на ФЗО, кои не се изведуваат во државата, а истите се изведуваат во странство |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Во зависност од големината и од типот на ЈЗУ, најдобрите 100 лекари во јавното здравство ќе добијат уште една плата.<br>- Стабилен систем за финансирање во здравството.<br>-Ќе ја измениме Одредбата за висината на партиципацијата при лекување во странство, односно ќе овозможиме максималниот износ на висина на учество на осигуреникот да биде 12.000 денари.<br>-Ќе продолжиме со политика на зголемување на буџетот на ФЗОМ(стр.229)<br>-Ќе продолжиме со финансирање на ин витро и ќе го зголемиме опфатот на осигуреници кои веќе имаат пород од претходните заедници да можат да остварат право на бесплатно ин витро.(стр.237) |
| ЛДП | - Инвестирање во обновување и модернизација на здравствените објекти, со обезбедување на финансиски услови за функционирање и медицинска опрема согласно согледувањата на лекарите за потполна, навремена и квалитетна здравствена заштита на пациентите(стр.72)<br>- Финансиско стимулирање а не финансиско казнување на лекарите поради што итно ќе биде преиспитан моделот за плаќање по учинок(стр.72) |
| ОМ | -Двојно ќе ги зголеми средствата за здравството што се одделуваат од буџетот. |
| СДСМ | -Ке се зголеми достапноста на здравствената заштита со намалување на партиципацијата за здравствени услуги за 50% (стр. 92)<br>-Ќе обезбедиме финасиски средства и соодветен простор за здруженијата на граѓани од областа на здравствената заштита, како и за клубовите на болните од одредени болести (шеќерна болест, хемодијализа, хипертензија и др.), со цел да создадеме услови за зајакнување на нивната улога во комуникацијата со стручната јавност при донесувањето на прописи од здравствената заштита (стр. 93)<br>-Во примарната стоматолошка здравствена заштита, кадешто финансирањето се уште се реализира со моделот на капитација, ќе го зголемиме капитациониот бод за 5 денари. (стр. 93) |

| | |
|---|---|
| | -Ќе се укине партиципацијата за сиромашните граѓани и за децата до 14-годишна возраст и ќе се обезбедат средства за операција на сите деца со оштетен слух |

| | |
|---|---|
| ДУИ | -ќе работи со одлучност и во распределба на буџетските средства наменети за здравството на еднаков начин за целата земја.<br>-Во секундарното и терцијарното здравство ќе се ангажираме за инвестиции во подобрувањето на физичката инфраструктура и медицинска технологија. |
| СДУ | - Зголемување на капиталните инвестиции во здравствените објекти |

# Заклучоци

1. **Скоро сите политички партии ја спомнуваат и нудат предлози за унапредување на здравствениот систем**

Големата важност на здравствениот систем се гледа преку фактот што **сите политички партии** кои доставиле предизборна програма, со исклучок на ДПА, **ја опфаќаат сферата на здравството** во своите програми. Здравството **се спомнува во 11 од 12** од анализираните програми. Најголемо внимание на оваа сфера посветува ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. **Сите политички партии** кои во својата програма го спомнуваат здравството **имаат посветено посебен дел** на различни нивоа од програмите.

Иако поголемиот дел го опфаќаат здравството во програмата, к**онкретни мерки се спомнуваат само кај половина од нив, односно 6 од 12.** Предлозите и мерките главно се однесуваат на надградба на правната рамка, финансиска поддршка и јакнење на институционалните капацитети.

2. **Многу мал фокус на подобрувањето на правната рамка**

**Мал дел** од политичките партии ( 3 од 12) во своите програми имаат **предлози за подобрување или надградба** на правната рамка. Овие предлози содржат како донесување, изменување и дополнување закони, така и донесување други документи кои би служеле како основа за натамошно унапредување на здравствениот систем. Имајќи ја во предвид важноста на здравствениот систем и неговото унапредување, вниманието кое е посветено во делот на подобрување на правната рамка е многу мало.

**3. Солиден фокус на јакнењето на институционалните капацитети за унапредување на здравствениот систем**

Од вкупно 12 анализирани програми, **6 политички партии нудат конкретни институционални подобрувања** со цел истакнување на важноста на здравјето и на здравствениот систем во Република Македонија.

Има разлики во понудените мерки, сепак прашањето во однос на кое постои генерална согласност и е повторено од најголем дел од партиите е реконструкција и изградба на здравствени објекти, како и воведуване на информатички систем (СДУ,ОМ и ВМРО-ДПМНЕ). Истовремено, сите политички субјекти предлагаат реформи на веќе постоечките

здравствени институции, како и основање нови институции, односно центри кои би го унапредувале здравствениот систем во целина. Големите политички партии во своите програми посветуваат најголемо внимание на ова прашање, потоа следи ПОДЕМ.

### 4.Различни предлози за подобрување на финансирањето

Предлози и заложби за финансиска поддршка за унапредување на здравствениот систем, споредбено со предлози кои се однесуваат на правната рамка или унпредување на институционалните капцитети, се **најмногубројни** во програмите на политичките партии. **Финансиската поддршка е дел од програмата на 7 од 12 политички партии.** Најголем дел од мерките се во областа на бесплатни здравствени услуги, зголемување на буџетот на ФЗОМ, зголемување на достапноста на здравствените услуги, итн. Најголем дел од конкретните мерки се дел од програмите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ЛДП и ПОДЕМ.

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| Демокрација е ре | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| Демократска десница | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегрираната платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.